Ca-Kom Service Provider

Ановска
17/04/2018

ДПТУ Ца-Ком-Пром ДООЕЛ Куманово,
ул. Тито Митровица бр. 65/1-7
Подружница Лок. Гарнизон 1 кат
Куманово
Тел. 031 / 412 – 660
www.cakom.mk

**До: Агенција за електронски комуникации на Република Македонија**

**Датум: 17.04.2018 година**

**Предмет: Повторна достава на општ претплатнички Договор за одобрување**

17.04.2018
УП1-бр.1605-237

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Општиот Претплатнички Договор за одобрување.

Ви благодариме,

Со почит,

Слаѓан Христовски
Управител

ДПТУ Ца-Ком-Пром ДООЕЛ
Куманово, ул. Тито Митровица
бр. 65/1-7
Подружница Лок. Гарнизон 1 кат
Жиро сметка 320-1000046827-73
Тел. 031 / 412 – 660
www.cakom.mk

**Договор за пристап и користење на интернет-комуникациска услуга на ДПТУ Ца-Ком-Пром ДООЕЛ Куманово Договор бр. ___/_____**

**Склучен на ден ___.___._____ година во Куманово, помеѓу**

1. Давател на услуга (Оператор):
   Ца-Ком-Пром ДООЕЛ, ул Тито Митровица бр. 65-1/7, Куманово
   Управител: Слаѓан Христовски

2. Корисник:

Име и презиме/ Назив __________________________________во понатамошниот текст „Претплатник"
Адреса/Седиште ______________________________________________
Бр. на л.к._________________________ЕМБС _______________ЕМБ/ЕДБ _________________________
Жиро сметка____________________________ Депонент на банка ______________________
Електронска пошта ______________________________________________
Како Претплатник на јавни комуникациски услуги од друга страна (во понатамошниот текст „Претплатник").
Во понатамошниот текст Операторот и Претплатникот колективно ќе се нарекуваат „Договорни страни"

**ЧЛЕН 1**

Претплатничкиот договор се склучува во писмена форма со примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци, Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и Законот за заштита на потрошувачите.

Како составен дел на претплатничкиот договор се сметаат и електронски записи од евиденцијата на Операторот за извршено активирање и деактивирање на електронски комуникациски услуги по електронски пат (СМС порака, повикување на телефонски број, веб страна, електронска пошта и друго).

Целта на овој Договор е засновање претплатнички однос за пристап кон јавната комуникациска мрежа на Операторот, под услови утврдени со овој Договор, Прилозите, Анексите, Законот за електронски комуникации (во понатамошниот текст: ЗЕК), Правилникот за видот и содржината на јавни комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Правилникот) и други акти и прописи донесени врз основа на нив.

Во услугата е вклучен Интернет пристап со граничена брзина за Download во пристапен дел: __________ Mbps* и брзина за Upload во пристапен дел: __________ Mbps* . Вклучен месечен сообраќај ДО ______ GB, статична IP адреса, e-mail адреса и цени според моменталните тарифи на операторот.

Рекламирана брзина, претставува брзина на проток на податоци која операторот ја рекламира за специфичен тарифен модел за пристап до интернет услуги

Вистинска брзина, претставува просечна брзина на проток на податоци која операторот му ја обезбедува на претплатникот во тек на 24 часа во денот и истата е мерлив параметар што се проверува со постапка за мерење.

По надминување на наведениот лимит брзината до крајот на тековниот месец изнесува _______/_______ kb/s max.

КОРИСНИЧКИ ПАКЕТ ______________________________ ЦЕНА _______________ денари.

Претплатникот е согласен доставата на фактура од Операторот да се одвива по електронски пат на следнава електронска пошта на Претплатникот: e-mail: (ДА / НЕ)

Брзината на пренос не е гарантирана. Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиот договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот.

Минимална брзина, претставува минимална брзина на проток на податоци која операторот му ја обезбедува на претплатникот во 95 % од времето во текот на еден месец. Минималната брзина во ниту еден случај не треба да биде помала од 50% од рекламираната брзина.

Минимална гарантирана брзина изнесува __________/_________ Mbps.

**ЧЛЕН 2**

Овој Договор се склучува во времетраење од 12 месеци. По истекот на овој период Договорот не се продолжува по автоматизам. Операторот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на задолжителното времетраење на договорот писмено ќе го извести претплатникот дека му истекува истиот.

Барањето за склучување на претплатнички договор се доставува на начин и образец пропишан од страна на операторот, во кој се наведени сите потребни документи кои барателот е должен да му ги достави на операторот.

Барањето за склучување на претплатнички договор со пренесување на број се доставува на начин и образец определен во Правилникот за пренесливост на броеви што го донесува Агенцијата, а во кој е определена и реализацијата на приклучокот.

По поднесеното барање за склучување на претплатнички договор, операторот треба да испита дали има техничка можност за да ги обезбеди услугите со квалитет дефиниран во неговата понуда.

Операторот треба во рок утврден од негова страна, во пишана форма да го извести подносителот на барањето за постоењето, односно не постоењето на техничка можност со наведување на причините за одбивање на барањето.

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено Барање за раскинување на претплатничкот договор.

Барањето се доставува до Операторот во пишана форма.

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

- името или назив на претплатникот;
- матичен број за физички лица и даночен регистарски број за правни лица;
- адреса на претплатникот;
- електронска комуникациска интернет услуга (пакет)
- датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето.

Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање.

Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатникот.

Претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор во врска со обезбедување на услугата со ниво на квалитет пропишан со подзаконскиот пропис за параметри за квалитет на јавните комуникациски услуги, констатирано од Агенцијата за електронски комуникации. Во овој случај покрај Барање за раскинување на претплатничкиот Договор во кое претплатникот ги пишува своите податоци, потребно е да се наведе и причината за предвремено раскинување на Претплатничкиот Договор.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот Договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани а не се платени од страна на претплатникот. При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ја врати комуникациската опрема која е во сопственост на операторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при превземање на истата.

Операторот може да го раскине претплатничкиот договор особено:

- Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор;
- во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесно на друго лице во рок од шест месеци;
- кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;
- во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугата од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку операторот не е во состојба да ја обезбедува услугата поради дејство на виша сила подолго од три месеци.

Операторот е должен да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и особено треба да содржи податоци за име, презиме и адреса, матичен број или број на патна исправа, а за правното лице назив и седиште на правно лице како и даночниот број на правното лице. При раскинување на договорот, податоците наведени во него се чуваат за период од една година од денот на издавање на последната сметка на претплатникот за обезбедената услуга.

Операторот може да ги менува условите од претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот. Операторот ќе го извести претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Доколку претплатникот не се согласува со предложените измени без известување или последици може да го раскине Договорот. Известувањето треба да биде во пишана форма и треба да содржи:

- Име или назив на претплатникот

- Адреса на претплатникот
- Број на претплатнички договор
- Сите предложени измени на договорот
- Информација за правото дека без известување или последици може да го раскине договорот

Доколку раскинувањето на Договорот е во првата половина од Договорот обештетувањето за предвремено раскинување на Договорот е во износ од 4 (четири) месечни претплати.

Доколку раскинувањето на Договорот е во втората половина од Договорот обештетувањето за предвремено раскинување на Договорот е во износ од 2 (две) месечни претплати.

**ЧЛЕН 3**

Овој договор влегува во сила од моментот на негово потпишување. За почеток на овозможување на услугата од страна на операторот се смета датумот на потпишување на приемно-предавателниот протокол, реверсот или договорот.

**ЧЛЕН 4**

Целокупната опрема за приклучок ја обезбедува во потполност операторот за своја сметка и останува сопственост на операторот.

**ЧЛЕН 5**

Операторот се обврзува дека по извршување на работите околу приклучокот, ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата Операторот е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 3 часа по негово настанување, односно во рок од 12 часа, доколку дефектот настане во времето од 20:00 до 07:00 часот наредниот ден. За проблемите што настануваат на инсталацијата во просториите на Претплатникот, Операторот испраќа стручно лице во период од 10:00 до 17:00 часот.

Пријавување на технички пречки се врши: во писмена форма, во кнтакт центарот на тел: +389 31 412 660, директно во просториите на Операторот или по пат на електронска пошта на службениот мејл на операторот.

**ЧЛЕН 6**

**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ОПЕРАТОРОТ**

Операторот се обврзува:

- На претплатникот да му овозможи приклучок во мрежата во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на Барањето во кое се наведени сите документи кои што барателот е должен да му ги достави на операторот. Доколку операторот нема техничка можност за обезбедување на услугата должен е во рок од 7 дена да го извести претплатникот и да му ги врати евентуално дадените аванси.
- На претплатникот да му обезбеди квалитетна и континуирана комуникациска услуга, минимум 98% од времето на годишно ниво согласно тарифниот модел на претплатникот. Доколку до прекин дојде по вина на претплатникот, виша сила или како резултат на глобален проблем на кој операторот не може да влијае, времето на таквите прекини не се пресметува во просечната годишна пресметливост.
- Во рамките на техничките можности Операторот е должен да овозможи неповредливост и заштита на тајноста на податоците во мрежата како и тајност на личните податоци на претплатникот. Операторот има право да дава податоци на лица со посебни овластувања и во постапки поткрепени со решенија на надлежните институции.
- Операторот е должен врз основа на писмено барање на претплатникот да му овозможи привремен прекин на услугата. Барањето се поднесува на пропишан образец најкасно три дена пред отпочнување на нов календарски месец. Времениот прекин не може да биде помал од 1 (еден) месец, а не подолго од 3 (три) месеци.
- Операторот има право да ја повлече опремата во рок од 15 дена од прекинување на услугата за што операторот издава пишан документ (реверс).
- Операторот е должен да превземе тахнички мерки со кои ќе се заштити целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони, атмосферски празнења, кражба и слично за што сноси материјална одговорност.
- Операторот не сноси одговорност за евентуален пренос на дефекти во мрежата предизвикани од страна на трето лице или виша сила. При невреме (грмотевици) се препорачува струјниот и мрежниот приклучок да бидат извадени од опремата.
- Сметките за месечната такса ќе се доставуваат месечно најкасно до 25 во тековниот месец. Корисникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го плаќа редовно во периодот од 1-ви до 15-ти во тековниот месец за изминатиот месец на име месечна такса преку плаќање на фактура издадена од страна на операторот.
- Фактурата треба да биде јасна, читлива и лесно разбирлива и истата, покрај висината на надоместоците, на поединечна основа и вкупен износ за наплата, содржи и:
    - Датум на издавање на фактурата;
    - Датум на издавање на фактурата;
    - Рок на плаќање на фактурата,
    - Достапни начини на плаќање на фактурата,
    - Информација за контакт со службата за грижа за корисници на операторот,
    - Износ на неподмирен долг кон операторот.
- Доколку корисникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден во овој Договор, операторот е должен писмено да го извести, при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно може да биде привремено а потоа и трајно исклучен.
- За повторно приклучување и активирање на услугата покрај заостанатиот долг, корисникот треба да ги сноси и трошоците кои се направени за негово исклучување и за повторно приклучување. Трошоците за повторно активирање на услугата ги

определува Операторот, јавно ги објавува и изнесуваат _________ денари. Заостанатиот долг се наплатува без законска затезна камата.

- Доколку претплатникот поднесе приговор до операторот, а потоа и барање за решавање на спор пред Агенцијата, во врска со износот на сметката, операторот не смее да постапи согласно со членот 102 став (1) од ЗЕК се до донесување на конечна одлука согласно со членот 53 од ЗЕК, а претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата во определениот рок. Доколку претплатникот не го плати износот на месечната претплата во определениот рок, операторот има право да постапи согласно членот 102 став (1) од ЗЕК.
- Операторот има право да ги чува, обработува и користи личните податоци на Претплатникот за свои потреби согласно законските прописи, а во случај на нарушување на нивната безбедност да дејствува согласно со членот 167 од ЗЕК.
- Операторот има право доколку е потребно, да побара Претплатникот да му достави точни, целосни и ажурирани лични податоци.
- Операторот на претплатниците им обезбедува можност за контрола на трошоци и тоа: - детална сметка за видот на комуникациската услуга што ја користи претплатникот, реализиран интернет сообраќај, во рок од пет работни дена од приемот на барањето.
- да обезбеди на своите корисници,по нивно барање начин за проверка и следење на вистинската брзина, како и да им обезбеди информации за условите кои го ограничуваат пристапот и/или користењето на услуги и апликации
- Операторот е обврзан да доставува лични податоци од Претплатникот само по барање на надлежен орган во согласност со членовите 94 и 112 од ЗЕК.
- Операторот е обврзан доколку постои техничка можност да овозможи преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната комуникациска мрежа, притоа претплатникот доставува писмено барање до операторот и побарува преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната комуникациска мрежа. Доколку преселување технички не е можно, операторот во рок од 5 дена од поднесеното барање ќе го извести Претплатникот и ќе му овозможи договорот да го раскине согласно условите во договорот или пак да го отстапи на друго лице согласно условите во договорот. За преселување на приклучокот, претплатникот плаќа трошоци за инсталирање на приклучок на јавната комуникациска мрежа на адресата каде што се преселува во согласност со ценовникот на Операторот.
- Операторот има обврска да овозможи на барање на претплатник пренос на правото од претплатничкиот договор на друг претплатник што ги исполнува условите.
- Операторот има обврска да овозможи на барање на претплатник мирување на претплатничкиот договор најмногу еднаш во календарска година во траење не подолго од три месеци, при што претплатничките договори што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување.
- Операторот има обврска да ги обезбедува електронските комуникациски услуги, предмет на претплатничкиот договор, во рок, начин, цени и квалитет во согласност со одредбите од склучениот претплатнички договор, Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз негова основа
- Операторот има обврска да го следи вообичаеното однесување на претплатникот при користењето на неговите услуги и бесплатно да го извести, доколку утврди било какво невообичаено и ненадејно зголемување на износот
- Операторот е должен да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и особено треба да содржи податоци за име, презиме и адреса, матичен број или број на патна исправа, а за правното лице назив и седиште на правно лице како и даночниот број на правното лице.
- При раскинување на договорот, податоците наведени во него се чуваат за период од една година од денот на издавање на последната сметка на претплатникот за обезбедената услуга.
- Операторот на претплатниците им ги враќа наплатените парични средства во следните случаи:

    - на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги, Операторот врши враќање на парични средства во делот на месечниот надоместок (претплатата) и надоместоците за дополнителни услуги, во износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедена подолго од 3 (три) часа. Износот ќе биде одбиен во наредната месечна фактура. Во овој случај Операторот нема да сноси одговорност за било каква директна или индиректна штета евентуално причинета на Претплатникот, поврзана со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и слично;
    - во други случаи на основан приговор и/или усвоено барање за решавање на спор поднесено од страна на Претплатникот при утврдена неточна обработка на податоци која довела до зголемување на износот за користени комуникациски услуги, доколку Претплатникот ги има намирено сите претходни доспеани долгови кон Операторот;
    - во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга, кое не е по вина на Претплатникот, или во случај кога Претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациска услуга, Операторот ќе изврши враќање без камата на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс/гаранција , месечната претплата и месечен надомест за користење на дополнителни услуги.

ЧЛЕН 7

**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ**

Претплатникот се обврзува:

- Претплатникот се обврзува да ја чува опремата која му е дадена на користење од операторот. На истата не смее самостојно да врши измени и преправки.
- Претплатникот е должен да дозволи несметан пристап до опремата инсталирана на неговиот имот заради мерење, монтажа и демонтажа на истата.
- Има обврска во рок од 10 дена да го извести операторот за секоја промена поврзана со неговата идентификација.
- Да го користи сервисот исклучиво за свои потреби и во согласност со закон.
- Претплатникот има право на приговор во врска со обезбедувањето на услугата, приговор за износот за што е задолжен за обезбедената услуга, приговор за квалитетот на обезбедената услуга, како и приговор поради повреда на одредбите од

склучениот договор за приклучок и користење на јавната комуникациска мрежа или услуга и јавно достапни електронски комуникациски услуги во согласност со член 120 од Законост за електронски комуникации.

- Претплатникот може да поднесе приговор до Операторот. Приговорот мора да ги содржи фактите и доказите на што се заснова.
- Претплатникот има право да поднесе приговор во врска со обезбедувањето на услугите, износот на месечната фактура за користените услуги, квалитетот на услугите, како и поради повреда на одредбите од овој Договор.
- Приговорот се доставува до Секторот за корисничка поддршка на Операторот, исклучиво во пишана форма. Истиот мора да ги содржи фактите и доказите на кои се заснова.
- Претплатникот може да го поднесе приговорот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на настанатата повреда, во спротивно истиот ќе се смета за ненавремен.
- Операторот има обврска да одлучи по приговорот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истиот и за тоа да го извести Претплатникот. Во случај на одбивање на приговорот како неоснован, Операторот е должен на Претплатникот да му издаде потврда за извршена проверка со точно и прегледно наведени елементи од административна или техничка проверка, за кои Операторот во целост е одговорен за вистиноста на истите.
- Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот до Агенцијата да достави барање за решавање на спор, согласно со членот 53 од ЗЕК.
- Доколку операторот не постапи по приговорот во рокот утврден во Договорот, претплатникот има право до Агенцијата да достави барање за решавање на спор во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.
- Контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации е на бесплатниот број 190.
- Должен е да ги чува своето корисничко име, лозинка, IP адреса и други податоци и да не дозволува нивно користење од трети неовластени лица.
- Претплатникот има право да побара префрлување на приклучокот на јавната комуникациска мрежа на друга локација, во рамките на јавната комуникациска мрежа на операторот.
- Доколку преселувањето технички не е можно, операторот во рок определен во неговите општи услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги ќе го извести за тоа претплатникот и ќе му овозможи претплатничкиот договор да го раскине согласно условите во договорот или пак да го отстапи на друго лице, согласно условите во договорот.
- Претплатникот има право да побара од Операторот да му достави информација дали и кои лични податоци што се однесуваат на него се обработуваат.
- Претплатникот се обврзува да го извести Операторот доколку податоците што ги има операторот за Претплатникот се неточни или нецелосни. Претплатникот може да изврши промена на податоците со поднесување соодветно барање за ажурирање на лични податоци.
- Претплатникот има право на негово барање да го пренесе правото од претплатничкиот договор на друг претплатник што ги исполнува условите од договорот.
- Претплатникот има право на негово барање да му мирува претплатничкиот договор најмногу еднаш во календарска година во траење не подолго од три месеци при што претплатничкиот договор што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување.

**ЧЛЕН 8**

**ВИША СИЛА**

- Услугите кои ги дава Операторот, може да бидат прекинати поради дејство на Виша сила.
- Под Виша сила се подразбира настан кој е независен од волјата на Операторот, чие настапување неможело да се предвиди, ниту пак да се спречи и поради истото исполнувањето на обврските од страна на Операторот, стануваат отежнати или невозможни. Под Виша сила се подразбираат: природни настани (земјотреси, поплави и слично), општествени настани (штрајк), немири, војни, акти на јавна власт и слично.
- Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот, поради прекини на услугите кои се предизвикани од настан на Виша сила.

**ЧЛЕН 9**

**РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ**

- Сите спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин.
- Доколку настанатиот спор неможе да се разреши на начин предвиден во став 1 од овој член, за истиот ќе решава надлежен суд во Куманово.

**ЧЛЕН 10**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Овој Договор се смета за склучен од денот на потпишување на двете Договорни страни. Истиот стапува на сила од денот кога ќе бидат активирани услугите, предмет на овој Договор, со што воедно почнуваат и обврските за плаќање надоместоци за користените услуги.
- Како составен дел на овој Договор се сметаат сите обрасци, прилози, анекси, барања кон Договорот кои ги потпишува Претплатникот за промена на тарифен модел или други услуги, како и електронските записи за активирање/деактивирање на услуги и други промени на условите наведени во договорот во врска со комуникациските услуги, кои треба да бидат во пишана форма.

- Времетраењето на услугите предмет на овој Договор, се утврдуваат во Прилог кон овој Договор.
- Со потпишување на овој Договор, Претплатникот потврдува дека е запознаен со Општите услови на Операторот, кои се применуваат за сите околности кои не се предвидени со овој Договор.
- Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, од кои по 1 (еден) за секоја Договорна страна.

| ОПЕРАТОР: Ца-Ком-Пром ДООЕЛ Куманово | ПРЕТПЛАТНИК: |
|---|---|
| За Операторот по овластување<br><br>име и презиме: | |
| Функција: | |
| Потпис и печат | Потпис и печат |

ЦА-КОМ

# БАРАЊЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ДОГОВОР

## Барање број:______

| | |
|---|---|
| 1.Податоци за барателот | |
| Адреса/Седиште | |
| Број на лична карта/пасош | |
| ЕМБГ/ЕДБ и ЕМБС | |
| Депонент на банка ( само за правни лица ) | |
| Контакт лице и контакт број | |
| Адреса на инсталација | Улица______________________<br>Број ______________________<br>Место/Општина______________________ |
| | **Со потпишување на ова Барање, изјавувам дека сите неведени подвтоци се точни и вистинити.* |
| 2. Достава на фактура | |
| Адреса на достава на фактура: | ☐ Адреса ______________________<br>☐ e-mail ______________________ |
| | **Со одбирање на електронска пошта претплатникот се согасува фактурите да му се доставуваат само по електронски пат* |
| 3.Приложена документација | |
| Потребни документи за склучување на претплатнички договор | *Физички лица*<br>☐*лична карта/пасош ( на увид )*<br>☐*последна сметка од струја,вода Топлификација и слично ( на увид )*<br>*правно лице*<br>☐ *тековна состојба* |
| 4.Избор на услуга | |
| | ☐ *Интернет* |
| 5. Прифаќање на одредбите на условите на операторот ( со селектирање на полето ја потврдувате согласноста ) | |
| 5.1Во моментот на потпишување целосно сум запознаен со условите содржините во општите услови, ценовникот и понудата на ДПТУ Ца-Ком-Пром ДООЕЛ<br>☐*ДА* ☐*НЕ* | |
| ЗАБЕЛЕШКА<br>(го пополнува лице од ДПТУ Ца-Ком-Пром ) | |
| Барањето под горенаведениот број се: ☐ Се одобрува ☐ Не се одобрува<br>**Образложение за неодобрување на барањето:* | |
| Потписници<br>Име и презиме/Компанија<br>Потпис и печат: Во име на ДПТУ Ца-Ком-Пром ДООЕЛ Подносител на барањето | |

Јас ______________________ со приклучок на ул.______________________
со ЕМБС/ЕДБ ______________, на ден __.__.20____ согласен сум:

| | | |
|---|---|---|
| ☐ | Меѓусебната комуникација со ОКИ да се одвива по електронски пат на следнава електронска пошта: | |
| | Се согласувам за добивање на информации од операторот за цели на директен маркетинг. | ☐ Да ☐ Не |

# Прилог 7

Рекламирана брзина ______/______ Mbit/s

Услуга за Интернет пристап

[redacted]

30 Mbit/s

[redacted]

**Минимална брзина** ______/______ **Mbit/s**

**Широкопојасен пристап до интернет**

**Операторот го задржува правото да ја намали дефинираната брзина по надминување на сообраќајот, истиот не се наплатува, а брзината на интернетот се ограничува ( download/upload ) ______/________ Mbit/s**

**Проверка за остварен Интернет-сообраќај и брзината на услугата за Интернет пристап Претплатникот може да ја врши на веб-страната на Операторот** www.cakom.mk